# Дневна хемеротека за *30.12.2015г.*

## МИА - *Пуштена во употреба новата филтер станица во гостиварско Вруток*

СРЕДА, 30 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:55:54

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

### Пуштена во употреба новата филтер станица во гостиварско Вруток

Препорачај 0

вторник, 29 декември 2015 13:15



**Гостивар, 29 декември 2015 (МИА)** - Во Вруток, Гостиварско денеска е пуштена во употреба новата филтер станица, со што за жителите на Општина Гостивар кои се снабдуваат преку градскиот водовод ќе се обезбеди чиста и здрава вода за пиење.

На настанот присуствуваа министерот за животна средина Нурхан Изаири, министерот за правда Аднан Јашари и градоначалникот на општина Гостивар, Невзат Бејта,

- Реализацијата на проектот „Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар" започна во 2011 година и со неговото финализирање трајно се реши проблемот со обезбедување квалитетна вода за пиење на жителите од гостиварската општина, рече министерот Изаири.

За градоначалникот Бејта, ова е значаен ден со оглед дека гостиварци, како што рече речиси три децении со соочуваа со недостиг од чиста вода за пиење.

- Од денес, граѓаните на Гостивар и на некои околни населени места ќе пијат филтрирана и здрава вода. Оваа филтер-станица ќе ја пречистува сета вода која се дистрибуира низ главниот водоводен систем, рече Бејта

Проектот за изградба и опремување на филтер-станицата чинеше 123 милиони денари, а средствата во целост ги обезбеди Владата.

Општина Гостивар го купи земјиштето и набави трафостаница, која го снабдува објектот со електрична енергија. ЈП Комуналец ги поврза доводните цевки со филтер-станицата за што беа вложени дополнителни 100 илјади евра за завршување на овој капитален проект.

За целосно заокружување на снабдувањето со здрава вода за пиење во соработката со централната власт и меѓународните институции, Швајцарската агенција СЕЦО и германската KfW банка, во текот на 2016 година треба да се заменат азбестните со ПВЦ цевки и со тоа да се заврши најголемиот инфраструктурен проект во општина Гостивар во последните 3-4 децении. **згм/вг/13:01**

## Утрински - *Чиста вода за гостиварци со новата филтер-станица*

Утрински весник

29.12.2015, 16:23

### ЧИСТА ВОДА ЗА ГОСТИВАРЦИ СО НОВАТА ФИЛТЕР-СТАНИЦА

Гостивар - Над 65.000 жители на Гостивар и на десетина селски населби отсега ќе пијат чиста и здрава вода. Ова им го овозможува филтер-станицата која вчера беше ставена во функција по четиригодишна изградба. „Ова е голем настан за нас во Министерството со кој заокруживме еден процес со ставање во употреба на филтер-станицата. Граѓаните на Гостивар долги години очекуваа да пијат здрава вода“, рече министерот за животна средина Нурхан Изаири.

Филтер-станицата трајно го решава деценискиот проблем за обезбедување квалитетна вода за пиење на жителите на Гостивар и околните села. Гостиварскиот градски водовод беше единствен каде што цевководот беше директно ставен во изворот и водата без пречистување се дистрибуираше до потрошувачите, поради што често пати беше заматена и неупотреблива. Во 2006 година се случи голема хаварија и повеќе од половина година траеше забраната водата да се користи за пиење и готвење.

За реализација на овој зафат беа издвоени два милиона евра од Буџетот на Македонија, а 100.000 евра обезбедија Општина Гостивар и ЈКП „Комуналец“. (К.К.)

## Tetova Sot - *Ministri Izairi, lëshon në përdorim stacionin e filtrimit në Gostivar*

shpejt dhe ndryshe

# Ministri Izairi, lëshon në përdorim stacionin e filtrimit në Gostivar



29/12/2015

Sot, ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, kryetari i komunës së Gostivarit Nevzat Bejta, ministri i Drejtësisë Adnan Jashari dhe deputeti në Kuvendin e RM-së Talat Xhaferi solemnisht e lëshuan në përdorim stacionin e filtrimit në ujësjellësin e Gostivarit.

Në fjalimet e tyre, ministri Nurhan Izairi dhe kryetari i komunës Nevzat Bejta shprehën kënaqësinë që me finalizimin e këtij projekti një herë e përgjithmonë u zgjidh problemi me sigurimin e ujit të pijshëm cilësor për qytetin e Gostivarit dhe vendbanimet përreth.

Vlera e projektit, "Projektimi dhe ndërtimi i stacionit të filtrimit në kuadër të sistemit për furnizim me ujë në Gostivar", është 123 milionë denarë, kurse mjetet për realizimin e tij i siguroi Qeveria e R. së Maqedonisë.

## Утрински - *Чист воздух е новогодишната желба на граѓаните*

Утрински весник

### ЧИСТ ВОЗДУХ Е НОВОГОДИШНАТА ЖЕЛБА НА ГРАЃАНИТЕ




**Институциите добија рок до 15 јануари да преземат вистински мерки, по што ќе следуваат протести со блокирање на загадените градови**

**Сања Наумовска**

„Сакам Дедо Мраз да ми донесе воздух". Ова е новогодишната желба на илјадници скопјани, тетовци, кичевци, битолчани... кои наоружани со пароли и голема макета на бели дробови се собраа во понеделникот пред зградата на Владата и побараа чист воздух. На надлежните институции граѓаните им дадоа рок до 15 јануари да преземат вистински мерки со кои ќе се намали загадувањето. Во спротивно ќе се блокираат загадените градови.

Масовниот протест под мотото „Излези за воздух" доаѓа откако Владата и надлежните министерства повеќе од два месеца ги игнорираат високите концентрации на ПМ-10 и ПМ-2,5 честички во воздухот во Тетово, Скопје, Битола, Кочани, Кичево, Велес, во Кавадарци... Викендов, по препорака на Министерството за животна средина, Владата усвои само две мерки. Според граѓанските здруженија тоа ја отсликува недоволната заложба на институциите да се справат со проблемот и на граѓаните да им обезбедат пристојни услови за живеење.

„Ве молиме, не ни продавајте магла за да добиете на време, подобро користете го времето за да се справите со маглата. Бадијала ги китите нашите градови за Нова година, инвестирајте да бидат чисти и да може да се живее. Вратете го нашиот воздух, модернизирајте ги фабриките, почитувајте го Уставот и меѓународните конвенции, бадијала бел барок за црни души. Поставете ги тие проклети филтри на 'Југохром', па макар биле и барокни", истакна Аријанит Џафери од тетовската еколошка организација „Еко-герила".

Граѓаните на протестот побараа да се забрани работата на индустриските капацитети со интегрирана А и Б дозвола, кога концентрацијата на ПМ-10 честичките покажува енормно високи вредности во последните 24 часа. Во такви услови бараат и градежните компании да престанат со активностите за да се намали емисијата на прашина.

„Секој човек има право на здрава животна средина, а тоа го гарантира членот 43 од Уставот. Постои и Закон за квалитет на воздух и уредби, но не се почитуваат и сега сите тука чекаме дождот и ветрот да го уништат загадувањето", рече Александра Бујароска од „Фронт 21/42".

Ана Чоловиќ-Лешоска од „Екосвест" предупреди дека мора да се стопира непотребното сечење на дрвјата и дека треба да се воспостават нови зелени површини.

„Да не се сече зеленило заради градежни активности, да се применат креативни зелени начини на уредување и да се формира фонд за енергетска ефикасност во домаќинствата", побара Чоловиќ-Лешоска.

Граѓаните на протестот побараа Владата да не чека 10 дена, туку мерките за загадување да ги спроведува по 24 часа загаден воздух, како и итно да се прекине сечата на дрвја во урбаните средини.

# МИА - Препораки за намалување на загадувањето во Кавадарци

СРЕДА, 30 ДЕКЕМВРИ 2015, 11:04:50

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Препораки за намалување на загадувањето во Кавадарци

## Препораки за намалување на загадувањето во Кавадарци

Препорачај 0

среда, 30 декември 2015 09:56



**Кавадарци, 30 декември 2015 (МИА)** - Општина Кавадарци упати препораки за намалување на загадувањето до граѓаните, општинските институции и стопанските субјекти.

Јавното претпријатие „Комуналец" треба да ги интензивира активностите за чистење на улиците, особено околу градилиштата, а комуналниот инспектор за животна средина, до 4 јануари 2016 година да врши секојдневна вонредна контрола во инсталациите кои подлежат на Б интегрирана еколошка дозвола и секој ден да доставува извештај до градоначалникот.

- Овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори, до 4 јануари 2016 година да вршат еднаш неделно контрола на инсталациите кои подлежат на Б интегрирана еколошка дозвола, само во делот на емисии на честички во воздухот. При тоа, во рамки на контролите, да се даде препорака за редуцирана работа на индустриските капацитети во соодветните метеоролошки услови, се вели во соопштението од општината.

Градоначалникот Александар Панов апелира граѓаните на Кавадарци да не ги користат возилата без потреба, а почесто да го користат јавниот превоз, да ја рационализираат употребата на автомобили што подразбира, повеќе лица да се возат со едно возило во исто време. Апелира за затоплување да не се користат прегорено отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, ПЕТ амбалажа, парчиња гума и каков било синтетички материјал.

Општината го задолжи инспекторот да изрекува казни за сите оние кои нема да се придржуваат на овие препораки, како и казни на сите кои намерно или ненамерно ги палат контејнерите.

Локалната самоуправа ќе ги преземе трошоците за депонирање на јаглен до депонијата „Мелци", како дел од препораката домаќинствата односно стопанските субјекти да се откажат од овој загадувачки енергент за затоплување на нивните домови и простории.

Општината го задолжи инспекторот за животна средина да изврши контроли на сите автосервиси и доколку констатира неправилности при работењето од нивна надлежност, да преземе соодветни казнени мерки.

- Градоначалникот презеде иницијатива за покренување постапка за промена на Законската регулатива во сообраќајот, со воведување на забрана за движење на секаков вид моторни возила што не поседуваат катализатор. Забраната да важи во периодот од декември до февруари. Градоначалникот и Општината преку надлежните институции ќе ја следат реализацијата на донесените заклучоци и состојбата поврзана со загаденоста на амбиенталниот воздух, стои во соопштението.сд/лв/**09:49**

## МКД - [Велосипедистите со предлог-мерки за намалување на загадувањето од сообраќајот]

ЗДРУЖЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ „НАТОЧАК“

# Велосипедистите со предлог-мерки за намалување на загадувањето од сообраќајот

Здружени велосипедисти преку иницијативите од Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Прилеп, Штип и Струмица објавија предлог-мерки за намалување на загадувањето кое потекнува од сообраќајот.



СПОДЕЛИ

Share

Tweet

Како мерки на краток рок, а во денови на екстремно загадување, велосипедистите предлагаат да се забрани моторизиран сообраќај во централното градско подрачје и во други делови од градот каде ќе се процени

дека забраната ќе има ефект врз демотивација на користењето на приватни возила, освен за јавен превоз и специјални возила - полиција, противпожарна, прва помош.

Предлагаат да направи строг режим на достава на роба со товарни возила чие непочитување ќе се санкционира, да се забрани користењето на автомобили за стандард понизок од ЕУРО 4 и за возила со погон на дизел, да се возат автомобили на принципот пар-непар, но и да се преземат мерки кои би демотивирале превезување на еден човек во една кола или стимулативни мерки кои би мотивирале car-sharing (споделување на превоз).

„Да се има строг однос кон нелегално паркираните возила на пешачки и велосипедски патеки (паркирањето насекаде, 'до врата', 'на 5 минути' е еден од главните демотиватори на пешачењето и возењето велосипед кои се незагадувачки начини на транспорт). Исто така, да се воведе бесплатен јавен превоз и да се делат заштитни маски со соодветни стандарди кои штитат од PM 10 честичките", стои соопштението на здружените велосипедски иницијативи.

Истовремено, велосипедистите предлагаат и долгорочни мерки - здрав транспорт за здрави градови.



„Поставување цели за намалување на процентуалниот удел на автомобилскиот сообраќај од вкупниот сообраќај и зголемување на одржливите типови сообраќај. Пример: велосипедскиот сообраќај да биде 10 отсто до 2020-та итн. Креирање и постојано следење на индикатори за вело-сообраќајот и јавниот транспорт во рамките на Државниот завод за статистика за да може да се следат трендовите на ова поле“, предлагаат велосипедистите.

Бараат политики кои ќе ги фаворизираат незагадувачките и здравите начини на транспорт во сите нивоа на донесување одлуки, кај законодавна, извршна и локална власт. Од закони, стратегии, буџетирање, урбанистички планови, проекти, до изведба. Сите политики да ги стават на прво место: пешачењето, возењето велосипед и јавниот превоз.

„Градовите, улиците, правилата, спроведувањето - сите да се планираат и реализираат така што патувањето со јавен превоз на било која дистанца и патувањето со велосипед на релации до 5,6 км ќе бидат побрзи од патувањето со автомобил со што би се мотивирала прераспределба. Задолжително да се изготвуваат велосипедски и пешачки планови за сите градови во Републиката.  Да се зголемат буџетите определени за одржлив транспорт на државно и општинско ниво“, предлагаат велосипедистите.

Бараат и да се воведе и унапредува јавен превоз со највисоки еко стандарди во сите поголеми градови на земјата, зголемување на еко-стандардите за увозот на возила, воведување системи за изнајмување велосипеди во сите поголеми градови, а да се прошират и пешачките зони во центрите на градовите.



## МИА - Заврши првата фаза од проектот „Вода за живот на сливот на река Струмица“

СРЕДА, 30 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:59:26

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

### Заврши првата фаза од проектот „Вода за живот на сливот на река Струмица“

Препорачај 0

вторник, 29 декември 2015 15:31



**Ново Село, 29 декември 2015 (МИА)** - Заврши првата фаза од проектот „Вода за живот на сливот на рекaта Струмица“ финансиран од Швајцарската агенција за развој и УНДП, за кој се потрошени 70 илјади долари.

Според постојаниот претставник на ОН во Република Македонија, Луиза Винтон, која ги посети активностите за чистење на реката кај Зубовски мост, реализацијата на проектот е важна за овој регион кој скоро секоја година се соочува со поплави.

- Првата фаза на овој проект е посветена на поплавите. Заедно со швајцарската агенција вложивме околу 70 илјади долари, ги осигуравме реките, речните брегови и обезбедивме водите од поплавите да одат на некое друго место, наместо во полињата на земјоделците или на локалното население, истакна Винтон.

Во проектот се вклучени шесте општини од регионот, Струмица, Ново Село, Босилово, Радовиш, Василево и Конче. Досега се исчистени 600 метри кај Зубовски мост.

- Сите води од соседните општини се слеваат на Ново Село и Босилово. Во моментов се врши молчарење на Стара река, со отстранување на отпадот и растенијата, создаваме простор за течење на водата со што се спречува излевање на реката. Досега се завршени 600 метра, продолжуваме уште 500 метри. Потоа одиме на наредна позиција, кај Могила, кај што има пробив на реката, истакна Блажо Велков, градоначалник на Општина Ново Село.

- Негативните последици од климатските промени најмногу се чувствуваат тука. Ние континуирано работиме на уредување на сливот на Општина Струмица. Со финансиска помош од Управата за водостопанство на Македонија, ќе чистиме дел од каналот од Моноспитовско блато во должина од 14 километри. Овој проект на УНДП и Швајцарската агенција за развој е надополнување, со што ќе се чистат сливовите на реките Струмица и Водочница, објасни Љупчо Колев, градоначалник на Општина Босилово.

УНДП и Швајцарската агенција за развој наредниве шест години планираат да вложат три милиони евра кои ќе бидат наменети за модернизација и одржливи земјоделски практики, за заштита од поплави и пред се за хармонизација во искористувањето на природните ресурси од страна на граѓаните. Проектот, според Винтон, се темели на досегашното повеќе од десет години искуство во реонот на Преспа, каде што постигнале значителни резултати во однос на редуцирање на влијанието од земјоделството врз загување на езерото и подобрување на квалитетот на животната средина и квалитетот на живот на населението.
**кд/цр/15:29**